**З А П И С Н И К**
**од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 28.7.2017 година**

**Скопје, јули 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 28.7.2017 година**

Седницата започна во 15:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија, Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваа и Мирјана Јанева, шеф на Кабинет на претседателот на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Сања Лукаревска, директор на Управата за јавни приходи.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, д-р Арбен Таравари, министер за здравство и д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. ДОПОЛНЕТ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

2. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СТАТУСОТ НА ПРОЕКТОТ „ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД ЗА ГРАЃАНИТЕ“

3. КАДРОВСКИ ПРАШАЊА

4. ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, го утврди и заклучи, согласно член 180-а од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен советник во Министерството за финансии и Вера Проковиќ, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектот „Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на персонален данок на доход за граѓаните“ (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, во соработка со изведувачот на Проектот, веднаш да ги достави сите неопходни документи потребни за подготовка на Анекс кон Договорот бр.12-6016/1 од 20.9.2016 година до Министерство за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори, во најкраток можен рок, а не подоцна од 3.8.2017 година, да отпочне постапка за склучување Анекс кон Договорот бр.12-6016/1 од 20.9.2016 година за проектот „Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на персонален данок на доход за граѓаните“ и за истото да го извести Министерството за финансии – Управа за јавни приходи.

3. Се задолжува Министерството за финансии – Управа за јавни приходи, трошоците за дополнителни работи за потребите на успешно имплементирање на проектот „Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на персонален данок на доход за граѓаните“, да ги финансира со средства од сопствениот буџет, односно со префрлање на средства од сметката на основниот буџет на Министерството за финансии – Управа за јавни приходи (од одобрениот буџет), на сметката на Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори со итен налог на денот на добиеното известување од Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори.

4. Се задолжува Министерството за финансии – Управа за јавни приходи по добиено барање/инструкција од Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување договори, за точниот износ на средства за дополнителните работи потребни за имплементирање на проектот „Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на персонален данок на доход за граѓаните“, истите да ги префрли на сметката на Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори со итен налог на денот на добиено барање/инструкција.

## Точка 3

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 4

1. По повод укажувањето на д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, во врска со палењето на депонијата во Струга и изнаоѓање на трајно решение за овој проблем, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, во соработка со д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, најдоцна до 31.07.2017 година (понеделник), да алоцираат (пренаменат) средства кои ќе бидат наменети за компресирање и транспортирање на сметот од депонијата во Струга на нова локација (депонија) и за истото да ја информираат Владата на наредната седница што ќе се одржи на 31.07.2017 годин (понеделник).

2. Се препорачува на Општина Струга, веднаш да започне со активности за компресирање и транспортирање на сметот од депонијата во Струга во една од трите опционални локации и депонии (во Скопје, Охрид или Елбасан во Република Албанија).

2. Врз основа на предлозите на Организациониот одбор за прослава на државниот празник 2 Август - Ден на Републиката (Илинден) 2017 година и укажувањата на седницата, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Делегацијата на Владата на Република Македонија по повод прославата на Националниот празник Илинден во Скопје во црквата „Св. Спас“ ќе ја предводи и ќе се обрати претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

Во состав на Делегацијата ќе бидат: заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров.

Водител на активностите по повод прославата на Националниот празник Илинден во црквата „Св. Спас“ – Скопје да биде портпаролот на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски.

2. Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден предводена од Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов ќе се обрати пред споменикот на Методија Андонов - Ченто во Скопје.

Во состав на Делегацијата на Владата на Република Македонија по повод прославата на Националниот празник Илинден во Скопје да бидат: министерот за образование и наука на Република Македонија, д-р Рената Десковска, министерот за култура на Република на Македонија, Роберт Алаѓозовски, министерот без ресор во Владата на Република Македонија, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски и заменикот на министерот за образование и наука, Висар Ганиу.

3. Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден во Крушево ќе ја предводи и ќе се обрати претседателот на Собранието на Република Македонија, м-р Талат Џафери.

Во состав на Делегацијата на Владата на Република Македонија по повод прославата на Националниот празник Илинден во Крушево да бидат: заменикот на претседателот на Владата

на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, министерот за економија, Крешник Бектеши и министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески.

4. Делегацијата по повод прославата на Националниот празник Илинден во Пелинце ќе ја предводи и ќе се обрати заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

Во состав на Делегацијата да бидат: заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и министеротот без ресор на Владата на Република Македонија, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми.

Водител на активностите по повод прославата на Националниот празник Илинден во Пелинце да биде Сашо Ристовски.

5. Координацијата на прославите на Националниот празник Илинден 2017 година да биде од страна на генералните секретари на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Македонија.

6. Се укажува на Собранието на Република Македонија, да ги покрие трошоците за обезбедувањето на неопходната опрема за одбележувањето на Националниот празник Илинден во Крушево, односно да обезбеди озвучување и говорница, метални потпирачи за венци, метални потпирачи (со гајтани), цветен аранжман, црвена патека и знамиња.

7. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, да ги покрие трошоците за обезбедување на неопходната опрема за одбележувањето на Националниот празник Илинден во Пелинце и во црквата „Св. Спас" – Скопје, односно да обезбеди озвучување и говорница, бина, метални потпирачи за венци, метални потпирачи (со гајтани), цветен аранжман, црвена патека и знамиња.

8. Се укажува на Кабинетот на претседателот на Република Македонија да ги покрие трошоците по повод прославата на Националниот празник Илинден пред споменикот на Методија Андонов – Ченто во Скопје.

9. Се укажува на службата за протокол на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и се задолжува Службата за протокол на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, да се усогласат во врска со сценаријата за одбележувањето и прославата на Националниот празник Илинден 2017 година и во текот на денешниот ден да го известат Организациониот одбор за прослава на Националниот празник Илинден 2017 година.

Сценаријата да имаат детален приказ на активностите по повод одбележувањето и прославата на Националниот празник Илинден 2017 година.

Службата за протокол на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија во текот на денешниот ден (до одржување на седницата на Владата), да го достави сценариото

за одбележување на Националниот празник Илинден 2017 година во црквата „Св. Спас“, до членовите на Организациониот одбор.

10. Се задолжува Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија, на 2.8.2017 година да врши директен пренос од одбележувањето на Националниот празник Илинден од четирите локации и тоа:

- во 8 часот од Скопје во црквата „Св. Спас“,
- во 10:25 часот од пред споменикот на Методија Андонов- Ченто,
- во 11 часот од Пелинце и
- во 12 часот од Крушево.

11. Се задолжува Министерството за одбрана, да обезбеди присуство на доволен број на гардисти на локациите каде што ќе се одбележува Националниот празник Илинден, согласно барањата на кабинетите.

Се задолжува Генералниот секретаријат на Република Македонија да достави барање до Министерството за одбрана за обезбедување присуство на доволен број гардисти пред црквата „Св. Спас“ и Меморијалниот центар Пелинце.

12. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да набави венци за потребите на делегациите за одбележувањето на Националниот празник Илинден (надлежните служби во текот на денешниот ден да достават предлог за потребниот број на венци за нивното распоредување).

13. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да ги покрие трошоците за поставување на контејнери на локациите Пелинце и Крушево (реализирано).

14. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да ги покрие трошоците за поставување на мобилни тоалети во Крушево и Пелинце (реализирано).

15. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да обезбеди минибуси/возила за превоз на делегациите (дипломатскиот кор) за положување цвеќе на локациите на Пелинце и Крушево (да се оствари контакт со делегациите, со цел утврдување на бројот на лица за нивно присуство во функција на обезбедување на возила).

16. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да обезбеди 150 столици за прославата во Крушево и 120 столици за прославата во Пелинце (реализирано).

17. Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Македонија, да обезбеди две тенди за прославата во Пелинце и четири големи тенди за прославата во Крушево.

18. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со ЈП Македонијапат – Скопје, да изврши расчистување и санација на делницата од магистралниот пат до Меморијалниот центар Пелинце и патниот правец Прилеп – Крушево (особено на влезот на градот Крушево, кај бензинската станица на Макпетрол) како и да обезбеди хоризонтална сигнализација (реализирано).

19. Се задолжува Министерството за здравство, од општините Прилеп и Демир Хисар да обезбеди по едно медицинско возило и дежурен медицински тим на 1 и 2 август за прославата во Крушево.

Исто така, да се обезбеди по едно медицинско возило и дежурен медицински тим и на останатите две локации во Скопје и Пелинце за одбележувањето на Националниот празник Илинден.

20. Се укажува на Град Скопје и Општина Куманово, да обезбедат присуство на возила за противпожарна заштита на локациите на кои ќе се одбележува Националниот празник Илинден.

Исто така, се укажува на Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, да обезбедат по едно противпожарно возило за 1 и 2 август во Крушево.

21. Се укажува на Општина Прилеп, да обезбеди едно теренско возило за прославата во Крушево.

22. Се задолжува ЈП Македонски шуми – Скопје, да обезбеди 100 дрвени столбчиња за означување на патеката до Мечкин Камен (обврска на Собранието на Република Македонија).

23. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со ЈП Македонијапат – Скопје, да го расчисти просторот околу музејот во Пелинце (реализирано).

24. Се укажува на Град Скопје, да ги уреди спомениците и просторот околу нив, каде ќе се положува цвеќе за прослава на празникот Илинден во Скопје (Уредувањето на просторот околу црквата „Св. Спас“ ќе го реализира Министерството за внатрешни работи).

25. Се задолжува Службата за односи со јавност на Владата, да подготви лого по повод прославата и во најкус можен рок за тоа да го информира Организациониот одбор за прослава на Националниот празник Илинден 2017 година (реалзирано).

Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да обезбеди пано на бината во Пелинце за којашто е потребно логото.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска да оствари контакт со градоначалникот на Општина Крушево за поставување на билборд со логото на Националниот празник Илинден 2017 година на влезот во Општина Крушево.

26. По повод прославата на Националниот празник Илинден 2017 година во Скопје, пред споменикот на Методија Андонов-Ченто во Скопје ќе настапува Воениот оркестар.

По повод прославата Националниот празник Илинден 2017 година во Крушево ќе настапуваат: хорот „Св. Петка" - Прилеп, Центарот за едукација и негување на традицијата и фолклорот „Етно – Илинден" од Битола и КУД „Џеладин Зекири" од Тетово.

По повод прославата Националниот празник Илинден 2017 година во Пелинце ќе настапуваат: камерниот женски хор „Св. Злата Мегленска", КУД „Срма" – Куманово.

27. Се задолжува генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски, да оствари комуникација со Одборот за одбележување 10 дена Крушевска Република во врска со престојниот празник и за добиените сознанија да го информира Организациониот одборот за прослава на Националниот празник Илинден 2017 година (реализирано).

28. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на прославата на Националниот празник Илинден 2017 година.

29. Во состав на Делегацијата на Владата на Република Македонија по повод прославата на Националниот празник Илинден во Трново да бидат: министерот за земјоделство,шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, министерот без ресор во Владата на Република Македонија, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, Зоран Шапуриќ и заменикот на министерот за локална самоуправа на Република Македонија, Дејан Павлевски.
30. Во состав на Делегацијата на Владата на Република Македонија по повод прославата на Националниот празник Илинден во Смилево да бидат: министерот за финансии на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски и заменикот на министерот за здравство, д-р Гоце Чакаровски.

31. Се задолжува Службата за односи со јавност на Канцеларијата на претседателот на Владата до министерот без ресор, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми како координатор на активностите за прославата во Пелинце и до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да ја достави листата на активности по повод прославата на Националниот празник Илинден 2017 година во Пелинце.

32. Логото на Националниот празник Илинден 2017 година да се достави до сите национални телевизии, со цел да се емитува на денот на празнувањето на Националниот празник Илинден 2017 година (2 Август).

3. Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, ги информира

членовите на Владата дека на 5.8.2017 година (сабота), ќе се организира одбележување на Денот на потсетување на Холокаустот, на геноцидот врз Ромите во Музејот на Холокаустот во Скопје.

4. Владата на предлог на Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија заклучи наредната редовна седница на Владата да се одржи на 31.7.2017 година (понеделник), со почеток во 17:00 часот.

5. Владата го разгледа Нацрт-текстот на Меморандумот за соработка во полето на природниот гас помеѓу Министерството за енергетика на Република Бугарија и Министерството за економија на Република Македонија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка во полето на природниот гас помеѓу Министерството за енергетика на Република Бугарија и Министерството за економија на Република Македонија со тоа што:

- во членот 6 во ставот 2, во вториот ред, наместо зборовите „примероци на", да стои „примероци";

- во членот 6 во ставот 2, наместо зборот „македоснки", да стои „македонски".

Истовремено, Владата заклучи пред потпишување на Меморандумот да се изврши лекторско и техничко усогласување на текстот на истиот.

2. Го овласти м-р Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Македонија да го потпише Меморандумот за соработка во полето на природниот гас помеѓу Министерството за енергетика на Република Бугарија и Министерството за економија на Република Македонија.

6. Владата го донесе Решението за именување претседател и членови на Организациониот одбор за прослава на државниот празник - 8 Септември - Ден на независноста, во предложениот текст.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**